**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**
**СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1.1.2014 ДО 31.12.2014 ГОДИНА**

**Скопје, јануари, 2015 година**

## ВОВЕД

Реализацијата на активностите во Центарот за стручно образование и обука – Скопје (во понатамошниот текст: Центарот), во текот на 2014 година се одвиваше во согласност со предвидените активности во Програмата за работа на Центарот за 2014 година, како и вонпрограмските активности кои произлегуваат од потребата за унапредување и за развој на образовниот процес во Р.Македонија.

Во текот на 2014 година работата на Центарот се одвиваше во насока на реализирање на краткорочните цели кои се дефинирани во Акцискиот план од Стратегијата за развој на стручното образование во Република Македонија, во контекст на Доживотно учење во период 2013 - 2020 година и за потребите на средното стручно образование, се изготвија програмските документи: стандарди на занимања, испитни програми и наставни планови и програми.

Центарот и оваа година изработи прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците за новите профили за кои нема доставено прашања во базата. Во делот на Македонската рамка на квалификации се изготвија описи на елементите на квалификации по еден од струка.

Во текот на 2014 година се преземаа активности насочени кон јакнење на капацитетите на Центарот; спроведување постапки за пополнување на пет слободни работни места во Центарот; воведување систем за управување со квалитет ИСО 9001-2008.

Во Извештајот се апсолвирани реализираните активности кои произлегуваат од индивидуалните извештаи за работа на вработените за периодот од 1.1.2014 до 31.12.2014 година. Структуриран е врз основа на постоечките сектори, посебното одделение за финансиски прашања во Центарот и вонпрограмските задачи кои не се предвидени во Годишната програма за работа за 2014 година.

I. Истражување и развој на стручното образование и обука;
II. Развој на стандарди и наставни планови и програми;
III. Меѓународна соработка и социјално партнерство;
IV. Деловна поддршка;
V. Финансиски прашања;
VI. Вонпрограмски задачи.

**ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ**

## I. СЕКТОР: ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Центарот, како и претходните неколку години, учествуваше во активностите за спроведување обуки за невработени лица во рамките на мерката 5.3 Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот од Програмата за подготовка за вработување од Оперативниот план на Владата на Република Македонија за 2014 година. За таа цел советниците учествуваа во давање стручно мислење и во изготвување испитни програми за програми за работно оспособување и во спроведување стручен испит за занимањата:

- Монтер за сувомонтажни гипсени елементи, фасадер, градежен работник за одржување на згради, градежен работник за реставрација на традиционални куќи, монтер за градежни елементи и ѕидар, помошник-козметичар, декоративен маникир, составувач на горни делови на обувки, сервисер на машини за шиење, болничар во медицинска установа, патронажна негувателка, аргон заварувач, изработувач на браварски производи, изработувач на леб и бели печива, фабрички преработувач на месо, сервисер за бела техника, електроинсталатер и електромонтер на станбени објекти, електроинсталатер и електромонтер на индустриски објекти, сервисер на мехатронички системи и службеник во книговодство.

Во соработка со Британскиот совет, Центарот организираше и реализираше Национална конференција за инклузивно образование во Република Македонија со искажани заклучоци и препораки. Соработката со Британски совет и понатаму продолжи со електронско истражување за потребите на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби. Се утврди потреба за помош на наставниците за работа со деца со посебни потреби. За таа цел Центарот им излезе во пресрет на наставниците и во соработка со стручни лица, изработи *Прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби во инклузивното образование*. Направена е презентација на Прирачникот пред претставници на стручните училишта од Град Скопје.

Во соработка со Британски совет, изработена е и публикувана Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија. Во овој процес се реализираа следните активности:

- Одржани средби со директорите на стручните училишта за пилотирање на инструментите за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија;

- Анкетирани ученици (240) од 12 пилот-училишта од Пелагонискиот регион (Прилеп, Битола, Демир Хисар, Ресен и Крушево) за изработка на Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија;
- Одржани панел-дискусии кои беа организирани во Пелагонискиот регион (Прилеп, Битола, Демир Хисар, Ресен и Крушево), Тетово и Штип за изработка на Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија;
- Одржани средби со фокус-групи кои беа организирани во Пелагонискиот регион (Прилеп, Битола, Демир Хисар, Ресен и Крушево) за изработка на Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија;
- Анализирани се сите изработени инструменти за потребите на анализата на мрежата на стручните училишта во Република Македонија;
- Валидирани се Прашалниците за учениците од стручните училишта од прва и четврта и прва и трета година за Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија;
- Валидирани се Прашалниците за работодавачите од Пелагонискиот регион, Тетово и Штип за Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија;
- Финализирана и публикувана е Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија.

Центарот за стручно образование и обука направи истражување во соработка со Здружението на граѓани Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување. Резултатите од истражувањето се објавени во документот Извештај од истражувањето за можностите за информираност на учениците од областа на репродуктивното здравје и неговата заштита во училиштата.

И оваа година Центарот во соработка со Македонската радио телевизија и стручните училишта, во рамките на емисијата „*Од образование до професија*“, продолжи со промовирање на профилите во стручното образование при што се промовираа образовните профили од економско – правна и трговска струка, лични услуги, текстилно-кожарска, земјоделско-ветеринарна, електротехничка и сообраќајна струка. Во радиоемисија на Радио Скопје се презентираа 33-ти Државни натпревари на електротехничките, машинските и сообраќајните стручни училишта. Земено учество на манифестацијата „Денови на електротехниката“, реализирана во СЕТУ на Град Скопје „Михајло Пупин“. Се изработи електронска брошура за промоција на стручното образование и насочување на осмоодделенците и истата се постави на веб-страницата на ЦСОО.

Други активности кои се реализираа во текот на 2014 година, а се однесуваат на истражување и развој на стручното образование се активностите:

- Учество во работната група за проектот„*Торино процес“* со цел изградба на политиките за стручно образование и обука, базирано на докази и на анализи;
- Учество во работата на меѓуресорската работна група за следење на реализацијата на Оперативниот план за 2014 год. и изготвување на Оперативниот план за 2015 год.;
- Учество и презентација на трибина на тема „Неусогласеноста на понудата и побарувачката во општина Тетово“;
- Изработка на Поимник за стручно образование и обука што се реализира во рамките на Програмата за јакнење на институционалните капацитети во соработка со Детра центарот, поддржана од Проектот на УСАИД;
- Изработена информација за реализација на Акцискиот план за вработување 2011-2013 год. за МТСП и Владата на Р.Македонија;
- Изработени предлог-мерки од ЦСОО за Национален акциски план за вработување 2014-2015 година;
- Изработени Мапи на односите во системот за стручно образование и обука во соработка со ДЕТРА;
- Изготвена анализа за соодветност на учебниците од четиригодишното стручно образование по струки во однос на наставните предмети кои се изучуваат во реформираните образовни профили со тригодишно траење;
- Изработени Компетенции за стручни соработници за подрачјата: професионален и кариерен развој на стручните соработници и соработка со локалната заедница и стручните здруженија, за проектот „Професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници во образованието во Р.Македонија“, во организација на МЦГО, УСАИД;
- Изработени Стандарди за стручни соработници за подрачјата: професионален и кариерен развој на стручните соработници, за проектот „Професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници во образованието во РМ“, во организација на МЦГО, УСАИД;
- Изработено Упатство за обезбедување поддршка на стручното образование и обука преку планирање, организација и реализација на советување, инструирање и менторирање на наставниците и обучувачите по стручните предмети во средните стручни училишта;
- Коригирано Предлог-упатство за начинот на планирање, организирање, реализирање и евидентирање на слободните часови во училиштето;

- Учество на семинар за одржлив развој на туризмот кој се имплементира во угостителско-туристичките училишта во Р.Македонија, во склоп на слободните часови на училиштата;

- Дефинирање на потпроектот за модернизација на техничкото образование, во рамките на проектот на Светска банка „Развој на вештини и иновации“;

- Дефинирање на проектот за завршување на реформата на стручното образование за занимања и на стручното оспособување.

## II. РАЗВОЈ НА СТАНДАРДИ И НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

- **Изработка на стандарди на занимања**

Согласно со Законот на Центарот за стручно образование и обука, Центарот изработува стандарди на занимања според искажаните потреби на пазарот на трудот. Во текот на 2014 година Центарот ги достави стандардите на занимања за мислење до Советот за стручно образование и обука, што беа изработени во рамките на Твининг проектот (52), и ги воедначи според моделот на стандардите на занимања изработени со Твининг проектот со останатите стандарди на занимања кои што веќе беа изработени (20) и ги достави за мислење до Советот. За потребите на пазарот на трудот, во текот на 2014 година, се изработија нови стандарди на занимања и тоа: Оџачар, Дом мајстор, Ракувач со градежна механизација, Ѕидар, Масер, Плетач за рачно плетење, Везач за рачно везење, Негувателка на стари и немоќни лица, Лимар, Изработувач на леб и бели печива и Планинарски водич. Заклучно со 2014 година, Центарот изработи вкупно 84 стандарди на занимања.

- **Изработка на други стандарди**

Центарот за стручно образование и обука, во текот на 2014 година, изработи стандарди според искажаните потреби во стручното образование:

-Стандард за стручен и друг кадар и Програма за обука на стручен и друг кадар за спроведување практична обука на учениците кај работодавачите;

-Стандард за обука на наставници по стручно-теоретски предмети и практична настава кај работодавачи и Програма за обука на наставници по стручно-теоретски предмети и практична настава кај работодавачи;

-Стандард/модел за програми за обука на невработени лица, согласно со Оперативниот план на Владата на Р.Македонија;

-Стандарди и нормативи за опрема, простор и соодветен кадар за установите за постсредно образование од здравствена струка.

- **Изработка на наставни планови и наставни програми за четиригодишно образование за новите образовни профили**

Изработени се осум (8) наставни програми за новиот образовен профил **техничар-дизајнер за внатрешна архитектура** од градежно-геодетската струка: проектирање на ентериер и мебел; материјали и конструкции; развој на архитектурата и уметноста; компјутерски дизајн; проектирање на ентериер и мебел - изборна програма; материјали и конструкции - изборна програма; компјутерски дизајн - изборна програма и практична настава.

Изработени се шест (6) наставни програми за трета година за новиот образовен профил банкарски техничар од економско – правна и трговска струка: банкарско работење, банкарско работење – изборна, банкарски пресметки и операции, банкарски пресметки и операции – изборна, сметководство, практична настава и преземени се пет (5) наставни програми: економија, статистика, деловно комуницирање, бизнис – изборна и економија – изборна.

Изработена е наставна програма за факултативна настава **енергетска ефикасност на објекти** за IV година, за учениците од образовните профили: градежно-геодетска струка, машинска и електротехничка струка.

Изработени се седум (7) наставни програми за IV година, за образовниот профил **конфекциски компјутерски оператор** од текстилно-кожарска струка: компјутерско конструирање и моделирање на облека-задолжителен, компјутерско конструирање и моделирање на облека-изборен, студија на работата-задолжителен, технологија на изработка на облека-изборен, компјутерско градирање на облека - задолжителен, практична настава-задолжителен и практична настава-изборен.

Од сообраќајната струка, изработени се три (3) наставни програми за образовниот профил **техничар за логистика и осигурување** за II (втора) година: *осигурување*, *финансиско работење* и *практична настава*.

Изработени се 11 нови наставни програми за образовните профили: угостителски техничар за рурален туризам и угостителски техничар од угостителско-туристичката струка.

Согласно со новите концепциски измени за државна матура, според кои од учебната 2015/2016 година и во стручните училишта, наставниот предмет математика ќе

биде задолжителен. Се направија измени и дополнувања на наставните планови од образовните профили: техничар за дизајн на облека од насока: уметничко образование и ветеринарен техничар од земјоделско-ветеринарна струка.

- **Изработка на испитни програми**

Изработени се три (3) испитни програми за новиот образовен профил **техничар-дизајнер за внатрешна архитектура** од градежно-геодетската струка: проектирање на ентериер и мебел; материјали и конструкции; компјутерски дизајн.

Изработени се две (2) испитни програми за новиот образовен профил **конфекциски компјутерски оператор** од текстилно-кожарска струка: компјутерско конструирање и моделирање на облека и технологија на изработка на облека.

Изработка на испитна програма по ***геодезија со рударски мерења*** за проодност од тригодишно во четиригодишно стручно образование во геолошко-рударската и металуршката струка.

Во сообраќајната струка се изработени две (2) испитни програми: *влеча на возови со организација на влеча на возови* и *организација на железнички сообраќај* за образовниот профил **машиновозач за дизел и електрични влечни возила.**

Изработени се 24 испитни програми за реализација на проверка на кандидатите кои посетувале обуки, согласно со Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2014 година.

- **Екстерна проверка на постигањата на учениците**

Во текот на 2014 година Центарот, во соработка со стручните училишта, изработи прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците од завршните години кој не се во базата на прашања, а кој се однесуваат на наставните програми за IV година од новите образовни профили во четиригодишното стручно образование и тоа:

- Конфекциски компјутерски оператор, 550 прашања;
- Банкарски техничар - нов профил, 600 прашања;
- Техничар-дизајнер за внатрешна архитектура, 500 прашања.

Прашањата за екстерна проверка на постигањата на учениците за незавршните години од образовните профили за кој започнаа активностите кон крајот на 2013 година, во првото тримесечје од 2014 година продолжија со прибирање на прашањата од надворешните соработници, нивно коригирање, финализирање, лекторирање, превод и внес во системот за електронско тестирање.

**Преглед на прегледани, коригирани, финализирани, лекторирани и преведени прашања (200 до 500) за наставни предмети од незавршните години за сите струки/профили во средното стручно образование**

| Реден број | Струка | Вкупен број прашања по наставни јазици за незавршните години | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Македонски | Албански | Турски |
| 1. | Геолошко-рударска и металуршка | 7100 | | / |
| 2. | Градежно-геодетска | 9900 | 8900 | / |
| 3. | Графичка струка | 3600 | / | / |
| 4. | Економско-правна и трговска | 12200 | 12200 | 6700 |
| 5. | Електротехничка | 12300 | 12300 | 10900 |
| 6. | Здравствена | 7600 | 7600 | 3300 |
| 7. | Земјоделско-ветеринарна | 14200 | 8700 | / |
| 8. | Лични услуги | 7900 | 799 | 6100 |
| 9. | Машинска | 12800 | 12200 | / |
| 10. | Сообраќајна | 8100 | 6000 | / |
| 11. | Автотехничка | 1800 | 1800 | / |
| 12. | Текстилно-кожарска | 12200 | 11000 | / |
| 13. | Насока-применета ликовна уметност | 1800 | 1800 | / |
| 14. | Угостителско-туристичка | 6700 | 6700 | |
| 15. | Хемиско-технолошка | 14800 | 7000 | / |
| 16. | Шумарско-дрвопреработувачка | 11800 | 600 | / |
| 17. | Спортска гимназија | 1150 | 1150 | / |
| **ВКУПНО** | | **153 900** | **151999** | **27000** |

**Време на реализација:** јануар -април, 2014 година

Други активности кои се однесуваат на прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците, а кои се реализираа во текот на 2014 година се:

- По објавување на базата прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците, советниците по струки одговараа на забелешките од јавноста;

- Изработени прашања за екстерно проверување на постигањата (190) по предметот бизнис за државна матура во стручното образование;

- Активности за организација и реализација на трансформирање на прашањата во студија на случај за екстерна проверка на постигањата на учениците, за наставните предмети од завршните години во тригодишното и четиригодишното образование во сите струки.

- **Учество на натпревари на државно ниво кои се организираат од Акредитирани здруженија на наставници**

Како и секоја година така и во 2014 година, на државно ниво се организираа натпревари од Акредитирани здруженија на наставници. Советниците учествуваа во работата на заедниците на стручните училишта и во организација и реализација на републички натпревари од електротехничка, машинска, хемиско-технолошка и сообраќајна струка, земјоделско-ветеринарна и шумарско-дрвопреработувачка струка. За таа цел се изработија тестови од страна на одговорните советници за соодветните струки.

- **Учество во активности за избор на Лидер на струка**

Центарот во соработка со Министерството за образование и наука во 2014 година ги реализираше активностите за избор на Лидер на струка, согласно со проектот од Владата на Р.Македонија, насловен како „Македонија земја на знаења“. За таа цел секој советник по струка презема активности предвидени со овој Проект. За некои струки немаше интерес од страна на учениците да се пријават за овој натпревар. За струки и профили за кои имаше појавено интерес, соодветните советници учествуваа во сите активности сè до изборт на Лидер во струка. За таа цел Центарот изработи Упатство за организирање и реализирање на проектот „ЛИДЕР“ – избор на најдобар ученик во струка од завршните години во стручното образование во Република Македонија и Акциски план за организирање и реализација на проектот „Лидер“. Упатството беше достапно за сите заинтересирани страни на веб-страницата на Центарот. За добитниците на прво место, во рамките на образовниот профил, ЦСОО и МОН обезбедија дипломи за ученикот и за менторот. Дизајнирањето и печатењето на дипломите се направи од страна на ЦСОО. Овој Проект се имплементираше во завршните години по следните струки и профили:

- **Земјоделско-ветеринарна струка** - на изборот се натпреваруваа ученици за Лидер во образовните профили: ветеринарен техничар и техничар за хортикултура;

- **Здравствена струка** од образовните профили**:** медицинска сестра, забен техничар, фармацевтски лабораториски техничар и физиотерапевтски техничар;

- **Машинска струка од образовните профили:** машински техничар, техничар за компјутерско управување и автотехничар – мехатроничар;

- **Хемиско-технолошка струка** од образовните профили: хемиско-технолошки техничар и техничар нутриционист;

- **Електротехничка струка:** електротехничар-енергетичар, електротехничар за електроника и телекомуникации и електротехничар за компјутерска техника и автоматика;

- **Сообраќајна струка** за образовните профили: техничар за патен сообраќај и техничар за транспорт и шпедиција;

- **Економско-правна и трговска струка**: образовни профили: економски техничар, правен техничар, деловен секретар;

- **Инструктивно-менторска и консултативно-советодавна работа**

- Изработени се стручни мислење за реализацијата на програмите за слободни часови на стручните училишта по оние профили и струки кои беа доставени до ЦСОО.
- Изработени се стручни мислења за потребите на МОН и стручните училишта во однос на соодветност на наставни планови и нормативи за наставен кадар.
- Изготвено е стручно мислење за 37 програми од сите струки за обука на невработени лица, согласно со Оперативниот план на Владата на Р.Македонија.
- Се реализираа менторски состаноци со избраните кандидати на пробна работа за јавен службеник од Центарот, согласно со конкурсот за вработување.

- Мониторинг и евалуација на активностите на проектот на УСАИД, „JEC - Мрежа за компонентите“ „Вештини за вработување“ и „Учење преку работа“, во училишта од Штип, Гостивар, Скопје и Тетово.

- Набљудување на час, спроведена во слободни часови од Програмата за подготовка и вработување и Програмата за учење преку работа во стручните училишта, вклучени во „JEC мрежа“ во Скопје, Тетово и Гостивар.
- Мониторирање на наставни часови за програмата „Подготовка за вработување и работа“ која се реализира на слободни часови во средните стручни училишта во рамките на проектот „JEC мрежа“.

- Учество на консултативна средба со националниот експерт Јанкуловски за развој на Националната рамка на квалификации - дистрибуција на потребна документација за анализа.

- Консултативно-советодавни средби со деканот и професорите од Факултетот за туризам и бизнис логистика од Штип и директорот и наставниците од угостителско-туристичката струка од училиштето „Коле Нехтенин” - Штип.

- Консултативно-советодавни средби со директорот и наставниците во угостителско-туристичкото училиште во Берово, Скопје, Македонски Брод, Струга, Охрид.

- Консултативно-советодавни средби со претставници на „5$^{та}$ Гимназија” - Струга за можност за отворање образовни профили од угостителско-туристичката струка.

- Консултативно-советодавни средби со директорот и наставниците од стручното училиште од општина Илинден и можност за отворање угостителско-туристичка струка.

- Изготвено е стручно мислење за прифатливост на учебниците во тригодишното образование од предлог-листата испратена од МОН (мај 2014 год.).

- **Учество во работни групи и комисии**

Вработените во Центарот, во текот на 2014 година, учествуваа во повеќе работни групи и комисии формирани од Центарот или други институции. Свој придонес дадоа во следните активности:

- спроведување на полагањето на екстерниот дел од државната матура;
- активности на процесот за *Самооценување, согласно со Актот за мали бизниси на ЕУ*, во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за економија, подрачје претприемништво, вештини и женско претприемништво;
- комисии за Верификација на образовните профили во средните стручни училишта од: земјоделско-ветеринарна струка, градежно-геодетска струка, текстилно-кожарска струка, здравствена струка, машинска струка, сообраќајна струка, угостителско-туристичка струка, економско-правна и трговска струка и хемиско-технолошка струка;
- комисии за Верификација на посебни програми за неформалното образование на возрасните и институции за нивна реализација;
- Учество во комисија за верификација на приватна образовна институција „Стил” – Битола;
- Дефинирање на предлог-проектот од ИПА Компонента 4-Развој на човечки ресурси за понатамошно развивање и унапредување на системот за имплементација НРК;
- пополнување на Прашалникот од Бруж процесот;

- изработка на Програмата за развивање на организациските перформанси на ЦСОО, финансирана од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), а се спроведува во соработка со ДЕТРА Центарот и учество на семинари за јакнење на капацитетите на Центарот за стручно образование и обука;

- организација на Донаторска конференција за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на Доживотно учење 2013-2020 година и учество на самата конференција;

- Изработка на нов Национален акциски план за вработување 2014-2015, во рамките на Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2011-2015;

- Комисијата за акредитација на здружение на наставници кое организира натпревари на ученици од средните училишта;

- Изработка на Процедури за координирање и соработка на бизнис секторот со средните стручни училишта;

- Работна група за понатамошно развивање на Националната рамка на квалификации, поддржана од Европската фондација за обука ЕТФ и Британскиот совет во Република Македонија. На тридневните работилници се работеше на јакнење на капацитетите на работната група, обезбедување квалитет на Извештајот за референцирање, мапирање и анализа на престојните квалификации;

- Изработена Концепција за образование на возрасните;

- Дополнување на апликацијата во Регистарот за работодавачи кои примаат ученици на практична обука;

- Изработка на Правилник за начинот и постапките за преминување од еден во друг вид стручно образование;

- Подготовка на текст за референцирање на Македонската рамка на квалификации, организирана од Министерството за образование и наука;

- Реализација на задолженија произлезени од информацијата за формирање центри за практична обука во рамките на формалното и неформалното образование, оддржана во Министерството за образование и наука;

- Реализација на 4-та менторска средба со тимовите за меѓуетничка интеграција во образованието, опфатени од втората фаза од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието;

- Изработка на Упатството за следење на работата и планирање на професионалниот развој на наставниците и стручните служби во основните и средните училишта;

- Ревидирање на стратешка рамка за Ромски здравствени медијатори, поддржано од Здружението на граѓани Х.Е.Р.А.- Асоцијација за здравствена едукација и истражување;

- Работилница во рамките на проектот на Норгес Вел од Кралството Норвешка „Стручно образование - чекор напред кон подобра иднина”, во соработка со Здружението на средните училишта од земјоделските, шумарските и ветеринарните училишта Тера-Фитон-Анимал, на тема „Модули за образование на возрасни”;

- Финализирање на документот – „ВОДИЧ за имплементација на планот за мерење на постигањата за активностите во интегрирано образование“;

- Изработка на Упатство за обезбедување поддршка на стручното образование преку советување, инструирање и менторирање на наставниците и обучувачите по стручните предмети во стручното образование и обука;

- Изработка на Стратешки план со финансиски импликации за 2015, 2016 и 2017 година на Секторот за развој на стандарди и наставни планови и програми;

- Дводневна заедничка работилница на ЦСОО, Управниот одбор и Советот за стручно образование и обука (20-21.11.2014 год., Маврово);

- Тркалезна маса организирана од ЗКРМ, на тема „Дуален систем на образование (27.11.2014 година);

- Работна група надлежна за следење на проектот на МОН „Евалуација на обезбедена финансиска поддршка за реформи во Доживотното учење, посебно стручното образование и обука и образование на возрасни со препораки за идна помош“;

- Работна група за евалуација на тендерска документација за техничка помош на средните стручни училишта;

- Работна средба со претставници од Дрекслер Мајер заради остварување понатамошна соработка;

- Работни средби со претставници на менаџментот од Вашингтон на проектот „JEC мрежа“;

- Работни средби со претставници на Европска банка за обнова и развој, МОН и ЦОВ за испитување на можноста за вклучување на компонента за социјална инклузија - обука на невработени лица во тендерската документација на проектот за реализација на Коридор 8;

- Работна група од МОН за обезбедување дополнителни информации за имплементација на Стратегијата ЈИЕ 2020;

- Работна група за изработка на Професионален стандард за наставник – ментор и Професионален стандард за наставник – советник;

- Учество во полагање стручни испити за наставници – приправници;

- Техничка работна група за реализација на обуката на невработени лица, согласно со Оперативниот план на Владата на Р.Македонија за 2014 година;

- Работна средба за изготвување Концепција за неформално образование на возрасни во организација на Центарот за образование на возрасни;

- Присуство на работилница за ревизија на „Стратегијата за регионален развој 2009-2019 година“;

- Состанок со претставници на Стопанската комора на Италија и разгледување на можноста за ангажирање визитинг- обучувачи по готварство, согласно со одлуката на Владата на Република Македонија;

- Работна средба со претставници на Култур Контакт - Австрија, со анализа за досегашната и можностите за идна соработка на полето на СОО во угостителско-туристичката струка;

- Советодавна работна група за иновации, Влада на РМ и известување за статусот на реализирани активности од Центарот за мерките по однос на Акцискиот план 2013 – 2015 год. од Стратегијата за иновации.

- **Учество во обуки**

Вработените од Центарот учествуваа или беа вклучени во реализација на обуки за наставен и друг кадар. Со учество на советниците се реализираа следните обуки:

- Обука на наставници кои предаваат стручно-теоретски предмети и практична обука од пилот-училиштата од Скопје и Прилеп, вклучени во проектот „ЈЕС мрежа“ за компонентата „Учење преку работа” и „Подготовка за работа“;

- Обука на стручен и друг кадар (ментори) за спроведување практична обука на учениците кај работодавачите во општина Битола, Струмица, Тетово, Скопје, Гостивар и Прилеп во рамките на проектот на УСАИД, „ЈЕС мрежа“;

- Обука на наставници по стручно-теоретски предмети и практична настава за сопствена реализација на обука кај работодавачи од Битола, Тетово, Гостивар, Прилеп, Струмица и Скопје;

- Обука на стручен и друг кадар (ментори) за спроведување практична обука на учениците кај работодавачите, во организација на Занаетчиската комора на Република Македонија, Занаетчиската комора на Скопје и Регионалната занаетчиска комора на Куманово;

- Обука на наставници за реализирање на прилагодената програма „Учење преку работа” за настава во инклузивни групи. Обуката беше организирана од УСАИД проект „ЈЕС мрежа“ и ХЕНДИМАК, а беа опфатени наставници по стручно-теоретски наставни предмети и практична обука од четири стручни училишта од Градот Скопје;

- Обука на наставници за изработка на посебни програми за образование на возрасни, организирано од Здружението на средни училишта од земјоделско-ветеринарна струка „Тера Фитон Анимал” во соработка со Центарот за стручно образование и обука и со поддршка на невладиното здружение Норгес Вел од Кралството Норвешка;

- Обука на училишните тимови за меѓуетничка интеграција во образованието, во рамките на проектот на УСАИД, реализиран од Македонски центар за граѓанско образование;
- Дводневна обука за понатамошно развивање на Националната рамка на квалификации, поддржана од Европската фондација за обука ЕТФ и Британскиот совет во Република Македонија. Обуката за начинот за пишување стандарди на квалификации, методологија за опис и развивање на квалификации и други правилници ја изведе интернационалниот експерт од Британија г.Џон Стефан;
- Обука на тема „Студии за следење на постобразовен професионален план”, организирана од ЕТФ и Светска банка;

- Одржани обуки за меѓуетничка интеграција во образованието за тимовите за училишна интеграција преку Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, поддржан од УСАИД;

- Реализирани обуки во пилот-средни училишта на Град Скопје на тема „Училишна медијација“;

- Одржана обука за пет стручни училишта за реализација на програмата за слободни часови „Светско наследство во рацете на младите“ – во рамките на ИПА проектот за меѓугранична соработка со Албанија. Имплементатор беше ЛДА од Струга со кои ЦСОО има Меморандум за соработка.

## III. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОЦИЈАЛНО ПАРТНЕРСТВО

- Изработен е Регистар за ученици што склучиле договори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот;
- Учество на меѓународниот семинар во Тирана – Албанија организиран од ЕРИСЕ на тема „Предностите на учењето преку работа“;
- Реализација на средба со претставници на училиштето од Шведска на барање на училиштето АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје;

- Учество на презентацијата на експерти од Хрватска за роботика, организирана од МОН;
- Учество на тридневна посета на Република Косово, во организација на Центарот за доживотно учење од Скопје на тема „Неформалното стручно образование за возрасни“;
- Учество на Првиот состанок на работната група за претприемништво за ISCED 3, што се одржа во Подгорица, Црна Гора;
- Учество на Вториот регионален состанок на тема „Вовед во нови стратегии за подучување и учење за поттикнување на претприемничкото образование, што се одржа во Тирана, Албанија;
- Учество на Состанок на работната група за политика за инклузивно образование, Торино, Италија;
- Учество на меѓународен семинар во Тирана – Албанија, организиран од ERISE на тема „Кластерот на знаење за стручно образование и обука и Југоисточна Европа - Регионално стручно образование и обука“.

## IV. ДЕЛОВНА ПОДДРШКА

- Во текот на 2014 година, беше донесен Закон за измени и дополнување на Законот за стручно образование и обука, со цел негово усогласување со Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор;
- По претходно доставено барање од страна на Центарот, беше добиена согласност од Министерството за финансии за вработување на нови 5 лица по пат на јавен оглас, а со цел зајакнување на кадровските капацитети во Центарот;
- За изготвување нови наставни програми и стандарди на занимање, Центарот спроведе јавен конкурс за избор на надворешни соработници врз основа на кој беа избрани соодветни наставници од средните стручни училишта;
- За изработка на прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците, нивен превод од македонски јазик на албански и на турски јазик, лекторирање, како и внес на прашањата во електронскиот систем, беа ангажирани соодветни наставници од средните стручни училишта и студенти (како практиканти и волонтери) од ФИНКИ и ДУТ;
- Континуирано, согласно со потребите на Центарот, се вршеше лектура и јазична редакција на документи, како и превод на документите од македонски на албански јазик;
- Редовно се објавуваа сите настани на веб-страницата на Центарот кои беа организирани од страна на Центарот или од страна на неговите партнери, со цел промовирање на работата на Центарот и новините во стручното образование и обука;
- Со цел успешно спроведување на обврските на Центарот во врска со екстерното проверување на постигнувањата на учениците, беше направен детален преглед на сите стручни предмети за секоја струка одделно, за нивно внесување во системот за електронско тестирање и континуирано се следеше процесот на внесувањето;
- Во континуитет се преземаа активности за одржување на преносните и персоналните компјутери во Центарот и за компјутерската мрежа;
- Отпочната постапка за воведување ISO стандарди во Центарот и изготвени предлог-процедури;
- Континуирано се преземаа активности за логистичка поддршка на седниците и активностите на Управниот одбор на Центарот и Советот за стручно образование и обука.

## V. ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Во рамките на Годишната програма за работа на Центарот за 2014 година, се изработи и финансиски план за реализација на одобрените буџетски финансиски средства, согласно со потребите на Центарот.

Дел од финансиските средства за 2014 година иако беа доделени со Буџетот, не беа реализирани од страна на трезорот при Министерството за финансии, со што овие нереализирани налози се префрлија како долг на Центарот за 2015-та година.

Во текот на 2014 година се реализирани вкупно пет јавни набавки од кои три за јавни набавки за стока и две за јавни набавки за услуги. Дел од планираните јавни набавки не се реализирани поради недостаток на средства.

Составен дел на Извештајот за работењето на Центарот за 2014 година е и Годишниот финансиски извештај за 2014 година даден во Прилог бр.1.

## VI. ВОНПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

-Учество на 44-ти државен тракторски натпревар за учениците од земјоделско-ветеринарната и шумарско-дрвопреработувачката струка;

-Учество на 33-ти државен натпревар за ученици од ССУ од машинска, електротехничка и сообраќајна струка, како членови на Централна комисија за реализација на натпреварите;

-Учество на државните натпревари по хемија, како член на Централната комисија за реализација на натпреварите;

-Изработка на Акциски план и координирање на реализација на практична настава на три стручни училишта: СЕТУ „Михајло Пупин“, СОУ „Владо Тасевски“ и СОУ „8-ми Септември“ на град Скопје во УСЈЕ Цементарница – Скопје;

-Учество на работилницата организирана од МТСП и презентирање на тема „Македонскиот систем за стручно образование и обука, постојани предизвици и идни иницијативи“;

-Изготвување на прегледи, посета на училишта, консултативни средби со ИБФ и во однос на отпочнатиот проект „Техничка помош за подготовка на тендерска документација за набавка на наставна опрема за стручна обука;

-Изготвени прегледи за национални и донаторски инвестиции за потребите на проектот на МОН „Евалуација на обезбедена финансиска поддршка за реформи во Доживотното учење, посебно стручното образование и обука и образование на возрасни со препораки за идна помош“;

-Учество на работилница на тема: „Светското наследство во рацете на младите - заедно ја штитиме културата и природата“, одржан во Охрид;

-Учество на панел дискусија на тема „Менторирање на ученици во компании – потреби и придобивки” и промоција на Стратегијата на ЛЕСС на Град Скопје.

-Учество на Денови на занаетчиството 2014;

-Учество на средба со работодавачите на тема „Улогата на работодавачите во креирање стандарди на занимања и квалификации”, организирана од Министерството за образование и наука и Британскиот совет во Република Македонија;

-Разгледани предлози од страна на Министерството за образование и наука за превод на учебници од странство кои се користат во стручното образование (април, 2014 год.). Од струката лични услуги, заеднички предмет е психологија, но не е предложен превод поради несовпаѓање на наставните програми;

-Проверка, валидизирање и дополнување на наставните планови и програми за сите образовни профили за учебната 2014/2015 во ЕМИС;

-Изработка на предлог-критериуми за чисто и безбедно училиште - изработени критериуми;

-Учество на свеченото отворање на манифестацијата „Денови на електротехниката“ во СУГС „Михајло Пупин“ – Скопје;

-Учество на свеченото отворање на практичниот дел од меѓународните натпревари „Автомеханичар јуниор 2014“ во Порше Македонија – училиште-домаќин АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје;

-Одржување состанок со училиштата во кои од учебната 2013/2014 година се имплементираат програми од реформираното тригодишно стручно образование во просториите на Инфо центарот при Делегацијата на Европската унија во Скопје;

-Подготовка на информација за Просечна фреквенција на обука на наставниците за период 2010-2014 година;

-Средба со претставници од стручно училиште од Манлуке – Гетеборг, Шведска;

-Разгледување на Меморандум за соработка помеѓу МОН, ЦСОО и БРО;

-Учество на Собрание на здружението на електротехничките, машинските и сообраќајните средни училишта во Крушево;

-Учество на настан во МОН: „Презентација на роботи за користење како дидактички средства во наставата“ (Од Република Хрватска);

-Учество и презентирање на резултатите од евалуацијата и мониторингот на активностите за ПМИО;

-Учество на форум со презентација за проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“, во организација на МЦГО;

-Учество на работна средба во организација на МЦГО, УСАИД за проектот „Професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници во образованието во РМ“;

-Учество на семинар во организација на УСАИД, за јакнење на човечките капацитети на ЦСОО;

-Учество на семинар за менторирање на училишните тимови за меѓуетничка интеграција во образованието, во рамите на проектот на УСАИД, Македонски центар за граѓанско образование;

-Работа со студенти на практична работа во ЦСОО од Филозофскиот факултет - студиска група-педагогија;

-Организирање менторски средби со училишните тимови за меѓуетничка интеграција од средните училишта во рамките на проектот на МЦГО;

-Учество во работна група за редакција на Извештај за образовниот систем во Република Македонија за потребите на МОН;

-Изработка на Информација до Министерството за информатичко општество и администрација за донирање компјутери за социјално ранливите групи;

-Учество во работна група за изработка на *проект за постсредното* образование*,* во рамките на ревидираната ИПА-1 програма;

-Учество на семинар за образование на возрасни;

-Подготовка на презентација за промоција на кариерните советници во рамките на „JEC мрежа;

- Изработка на процедури за изработка на наставни планови и програми и стандарди на занимања, како и мислења за учебници, прирачници, програми за слободни часови и факултативна настава во рамките на проектот за воведување на ISO стандардите;

-Подготовка на презентација за образовниот систем во РМ и стручното образование за потребите на билателарната соработка меѓу институциите за образование од РМ и Р.Косово, во организација на Центарот за доживотно образование;

-Давање стручни забелешки за стандардите за опрема и просторни услови за изведување практична обука на учениците кај работодавачите;

-Изработка на Листа на издадени учебници по стручни предмети во четиригодишното стручно образование кои можат да се користат во тригодишното реформирано стручно образование за сите струки;

-Изработка на Преглед на учебници за превод од сите струки;

-Учество на дводневна обука за обука на обучувачи за образование на возрасни;

-Учесто на завршна конференција на проектот „Одржлив развој на туризмот“, во организација на Култур контакт Австрија;

-Учество во комисија за евалуација на апликации и референтни податоци на апликанти за проектот „Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите на стручно образование и обука и образованието на возрасни” ИПА проект - завршна фаза потпишување извештај;

-Редовно изготвување извештаи за работењето на Центарот за стручно образование и обука (месечен, тримесечен, годишен извештај) во работните групи за асоцијација и стабилизација, Секретаријат за европски прашања, Влада на РМ;

-Изработка на подготвителен материјал за Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу РМ и ЕУ, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација;

-Учество во активности за ревидирање на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија 2015 и дефинирање на предлог-краткорочни и среднорочни приоритети, координирање на активности во Центарот за пополнување на Анексите во врска со податоци за кадровски ресурси на Центарот за стручно образование и обука, предвидени со НПАА 2015 година; проекти од областа на образованието и обуката, поддржани со донаторски средства и средства од ИПА за Центарот за стручно образование и обука, предвидени со НПАА 2015-2017 година; финансиските средства за реализација на активностите, предвидени со НПАА 2015;

-Учество во комисија за евалвација на тендерска документација за проектот „*Technical Assistance for Preparation of Tender Documentation for Supply of Teaching Equipment for Vocational Training*”, во Министерството за финасии;

-Доставување материјали и учество на работни состаноци во врска со проектот „Техничка помош за подготовка на тендерска документација за набавка на наставна опрема за стручна обука“;

-Учество на работилница за претприемничко образование за ISCED 2 и 3, во соработка со Регионалниот центар за претприемничко образование;

-Учество на тркалезна маса на тема „Училишни компании место за стекнување знаења и компетенции – чекор поблиску до модерен бизнис“, во организација на ЦСОО, во соработка со Култур Контакт Австрија и Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО);

-Презентирање на приоритетите во стручното образование и обука 2020, на Форумот за секторот вработување, образование и социјална политика на претставници од Европската комисија, ЕУ делегација;

-Учество на настанот за отпочнување на најавениот социјално-економски дијалог помеѓу РМ и ЕУ;

-Учество на промоција на најдобрите општествено одговорни практики на претпријатија во РМ во 2013 година;

-Одговор на прашања по индикаторите од прашалникот на ОЕЦД, во врска со стручното образование во РМ;

-Ревизија на препораките за техничкото стручно образование и обука, доставено од Националната комисија на УНЕСКО;

-Учество на манифестацијата „За македонскиот јазик и традиција преточена во хуманост“, во организација на СЕПУГС „Арсени Јовков“ Скопје;

-Изготвено Мислење по Информацијата на Владата на РМ за вклучување на РМ во спроведување на Процесот Торино;

**ДИРЕКТОР,**

**Ајше Селмани**

**Прилог 1**

## Годишен финансиски извештај за реализација на одобрениот буџет на Центарот за стручно образование и обука во период од 01.01. до 31.12.2014 година

### Р А С Х О Д И

| *Реден број* | *Ставка* | *Наслов на активноста* | *Вредност (годишно ниво)* |
|---|---|---|---|
| | **40** | **Плати и надоместоци** | **10.699.286,00** |
| 1. | 401 | - Основни плати на вработените | 7.810.476,00 |
| 2. | 402 | - Придонеси за социјално осигурување | 2.888.810,00 |
| | **42** | **Стоки и услуги** | **13.506.312,00** |
| 3. | 420 | **Патни и дневни расходи**<br>– патни трошоци во земјата<br>- патни трошоци во странство | ***14.500,00***<br>0,00<br>14.500,00 |
| 4. | 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**<br>- Електрична енергија<br>- Водовод и канализација<br>- Пошта<br>- Телефон и телефакс<br>- Мобилна телефонија<br>- Гориво и масла<br>- Регистрација на возила<br>- Ѓубретарина<br>- Парно греење | ***1.040.000,00***<br>189.021,00<br>135.065,00<br>19.940,00<br>147.474,00<br>114.469,00<br>6.373,00<br>18.387,00<br>11.695,00<br>397.576,00 |
| 5. | 423 | **Материјали и ситен инвентар**<br>- Канцelariски материјали (класери, вирмани, папки, пликоа, обрасци и друг потрошен материјал)<br>- Тонери, кертриџи, рибони<br>- Списанија, весници и др. материјал<br>- Прехранбени артикли и пијалаци<br>- Средства за одржување на хигиената<br>- Материјали за разни поправки<br>- Ситен инвентар | ***501.903,00***<br>78.984,00<br>296.691,00<br>7.000,00<br>29.944,00<br>34.984,00<br>17.720,00<br>36.580,00 |
| 6. | 424 | **Поправки и тековно одржување**<br>- Одржување на клими<br>- Одржување на компјутерската опрема и софтвер<br>- Одржување на службеното возило | ***143.028,00***<br>29.736,00<br>55.790,00<br>57.502,00 |
| 7. | 425 | **Договорни услуги**<br>- Осигурување на вработените<br>- Осигурување на градежен објект<br>- Осигурување на мотрни возила<br>- Систематски преглед на вработените<br>- Услуги за одржување на хигиенат.<br>- Исплата на членови на Управен одбор<br>- Исплата на членови на Совет за стручно образование и обука<br>- Услуги за умножубање/копирање<br>- Услуги за подготовка и послужување топли и ладни напивки<br>- Изработка, превод, лектурирање и внес на прашања | ***11.656.881,00***<br>28.600,00<br>5.344,00<br>9.856,00<br>19.200,00<br>39.763,00<br>1.573.727,00<br>721.411,00<br>39.765.,00<br>39.764.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за екстерно | 8.788.155,00 |
| | | - Други договорни услуги | 276.721,00 |
| | | - Данок | 106.175,00 |
| | | - Завршни сметки | 8,400,00 |
| 8. | 426 | **Други тековни расходи** | **150.000,00** |
| | | - Објавување огласи | 149.744,00 |
| | | - Други оперативни расходи | 256,00 |
| | **48** | **Капитални расходи** | **157.020,00** |
| 10. | 480 | Купување опрема и машини | 157.020,00 |

Вкупно расходи (р.бр.1 до р.бр.8) **24.362.618,00**

**ДИРЕКТОР,**
**Ајше Селмани**